



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ И ТИВАТ СО ЗАЕДНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОД

По свечената седница на Собранието на општина Тиват, во просториите на општинската зграда, минатиов викенд делегација на општина Карпош предводена од претседателот на Советот, Сашо Лазаровски потпиша Меморандум за соработка со туристичката организација на општина Тиват (Црна Гора). Меморандумот се базира на Повелбата за збратимување помеѓу општините Карпош и Тиват, како и на Спогодбата за соработка во областа на туризмот која ја потпишаа владите на Македонија и на Црна Гора во 2008 година.

Секторот за развој на општина Карпош и туристичката организација на општина Тиват, се согласија да ја унапредат меѓусебната соработка и да креираат туристички производ со кој заедно ќе го претставуваат на далечните пазари. Двете страни кои се потписнички на Меморандумот, исто така ќе работат на размена и организација на заеднички манифестации. Договорени се и понатамошни состаноци заради конкретизација на меѓусебната соработка, со акцент на работни состаноци во тек на саемот за туризам кој се одржува секоја година во Скопје, во месец мај.



# КАРПОШАНЕЦОТ МЕТОДИЈА БУЖАРОВСКИ ГО ОСВОИ 30-ОТ МЕДАЛ

По повод 11 ноември, во Куманово се одржа шестиот Меѓународен турнир по пинг-понг, во категорија кадети (пионери) и со тоа го освои својот 30-ти медал во својата спортска кариера. Талентираниот Методија Бужаровски го освои првото место на Државното првенство на сите основни училишта во Република Македонија. Тој исто така се најде на пиедесталот на Државното поединечно првенство кое по 23-ти пат се одржа на 15 март оваа година. Методија може да се пофали со досегашните успеси каде освојувал златни, сребрени и бронзени медали на многубројните првенства на државно ниво.



# КАРПОШ ЗА ШТЕДЛИВО И ЕКО ГРЕЕЊЕ

Од оваа грејна сезона стартуваше системот за греење од обновливи извори на енергија во ООУ „Вера Циривири Трена”. По тој повод денеска се сретнаа раководителот на Одделението за енергетска ефикасност од општина Карпош Љупчо Димов и членот на истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој при МАНУ, д-р Наташа Марковска, кои беа во заедничка обиколка на топлинската потстаница за греење со термални пумпи која функционира во рамките на ова училиште.

По работната средба, Љупчо Димов ги образложи придобивките од ваквиот систем на греење кој функционира во ова основно училиште.

- Ние сме една од ретките, а можеби и единствена локална самоуправа која има во план сите објекти кои се во надлежност на Општината, кои досега користат фосилни горива за загревање, да се преориентираат кон користење на обновливи извори на енергија. Тоа значи дека општина Карпош ќе ги редуцира трошоците за греење дури до 70%, но ќе има и огромно намалување на емисии на CO2 во воздухот. Новина во овој проект е тоа што студентите од Машинскиот факултет тука ќе одржуваат практични вежби. На тој начин го шириме менталитетот и сознанијата за овие новитети, коишто ние во општината ги применуваме. Би додал дека во моментов, во рамки на нашата локална самоуправа, постојат 68 објекти кои користат ладење и загревање со вакви системи на обновливи извори на енергија – истакна Димов. Со своето присуство, Наташа Марковска ја поздрави оваа иницијатива и го нагласи значењето на напорите кои ги презема општина Карпош за интегрирање на енергетската ефикасност во објектите кои се во нејзина надлежност.

-Го поздравувам партнерството на оваа локална самоуправа со сите чинители кои учествуваат во овој научно-технолошки предизвик. Со нас, општината е партнер во еден проект кој се однесува на оптимално искористување на ресурсите и обновливите извори на енергија, во мали системи за интегрирано греење и ладење. Целта на тој проект ќе биде преку вакви позитивни примери да овозможиме околина за што поголем продор на овие модерни технологии – додаде Марковска.



## КАРПОШ НА НУТРИКОН 2015

**Општина Карпош преку свој претставник М-р Ирена Калајџиева Милевска, учествуваше на меѓународната Конференција за Квалитет и безбедност на храна, Здравје и Нутриционизам - „НУТРИКОН 2015“.**

**Конференцијата беше во организација на Консалтинг и тренинг центар КЛУЧ, а се одржа на 19-ти и 20-ти ноември во Порта Македонија во Скопје во соработка со Европската групација за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) и Иницијативата за глобална хармонизација (GHI) чија членка е Општина Карпош. Трето светско тело кое даде свој придонес во успешна реализација на Конференцијата беше Европската асоцијација за хемиски и молекуларни науки (EuCheMS).**

**„НУТРИКОН“ како меѓународен собир на научници од областа на медицината, земјоделството, безбедноста на храната и нутриционизмот се одржува втора година по ред, и има се поголем одзив, а е акредитиран од Лекарската комора и од Стоматолошката комора на Македонија.**

Заседавач на сесиите беше претставникот на Општина Карпош М-р Ирена Милевска овластено лице за контрола и безбедност на храна во градинките и основните училишта, која пред присутните го одбрани својот стручен труд од областа - Менаџирање на контролата и безбедноста на храната, со наслов „Соработка и зголемување на свесноста за одговорност на операторите со храна со кои соработува Општина Карпош“. Меѓудругото, во презентацијата беа истакнати предностите на членство во европското тело за Хигиенско инженерство и дизајн и размената на искуства преку информативни средби со останатите општини на територија на Град Скопје и со фирми кои произведуваат храна и материјали кои се во допир со храната.

На конференцијата беше склучен меморандум за соработка со Универзитетот за природни и технолошки науки од Брашов – Романија, чии претставници посебно беа заинтересирани за начинот и менаџирање на контролата и безбедноста на храната во предучилишните и училишните установи. Тие истакнаа дека засега ваков начин на менаџирање кај ранливите групи консументи има само во болниците, но не и во детските установи што е од особена важност.

Најчести теми кои беа опфатени беа: Состојки и додатоци во исхраната, структура и адитиви, производство и преработка на храна, прехранбено инженерство и негова одржливост, микробиолошки, физички и хемиски опасности во прехранбената индустрија, анализа на ризик, невролошко-дегенеративни и орални болести, нутритивност, меѓународни програми и проекти како и образование и трансфер на знаења, соработка и искуства со меѓународни организации.

На конференцијата присуствуваа 130 научни работници, професори на универзитети, лекари, нутриционисти и експерти од 12 земји од светот. Освен Република Македонија, учествуваа и: Албанија, Турција, Србија, Украина, Романија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Германија, Унгарија, Латвија, Тајван, и Англија.

Како минатата година, така и оваа, од „НУТРОКОН 2015 “ произлезе Книга на апстракти од 130 научни и стручни трудови во чиј организациски комитет учествуваше и претставничката од Општина Карпош. Од нив, само 20 учесници имаа одбрана на свои научни и стручни трудови преку презентации.




## ООУ“ ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ ЕСЕНСКИ ШАМПИОН ВО КОШАРКА



**На прво место во есенскиот дел се учениците од ООУ“ Јан Амос Коменски“ во кошарка во спортската училишна лига на Карпош за 2015/2016 година. Најдобар стрелец е Лука Јованов (ООУ„Јан Амос Коменски“) со постигнати 152 поени. За подетални информации за резултатите кликнете на следниов линк http://karpos.gov.mk/page/liga-kosarka**

## ООУ„ЛАЗО ТРПОВСКИ“ ЕСЕНСКИ ШАМПИОН ВО ОДБОЈКА ЗА ДЕВОЈЧИЊА



На прво место во есенскиот дел се ученичките од ООУ“ Лазо Трповски“ во одбојка за девојчиња во спортската училишна лига на Карпош за 2015/2016 година. За подетални информации за резултатите кликнете на следниов линк http://karpos.gov.mk/page/liga-odbojka-devojki

## ОСНОВЦИТЕ ОД ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ СЕ ЕДУЦИРААТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ



Со цел да се постигне поголема безбедност во сообраќајот, сите ученици од ООу „Димо Хаџи Димов“ во соработка со РСБСП и со Советот на родители, започнаа со проектот насловен „Внимавај училиште“. Проектот се состои од неколку фази од кои во првата се говореше за подигање на свеста за сообраќајната култура, под мотото „Внимавај деца на патот“. Во втората фаза се одржаа аудио-визуелни предавања од едукативен карактер, додека пак во третата фаза се работеше на подигање на свеста за сообраќајната култура при што се делеа промотивни материјали. Во следната фаза, покрај учениците и наставниците, ќе учествуваат и родителите кои ќе разменуваат мислења и совети како превентивни мерки во сообраќајот. Активностите кои ќе се спроведуваат во истата насока, ќе се одвиваат преку целата година.

## МКУД „ЦВЕТАН ДИМОВ“ НА „ТРОНОТ“ ВО БАНСКО

Младинското културно уметничко друштво „Цветан Димов“ , кое се наоѓа на територија на Општина Карпош, уште еднаш докажа дека изобилува со талентирани млади фолклористи. На 16-от по ред Меѓународен фолклорен фестивал „Утрина ѕвезда“, кое се одржа во Банско, Република Бугарија, од 18-ти до 22-ри ноември, ансамблот на МКУД „Цветан Димов“ го освои првото место во категоријата фолклорно играње.

Уметничкиот раководител на МКУД „Цветан Димов“, Бранко Јовевски, видно задоволен од постигнатите резултати на фолклористите, рече дека со постојаниот квалитет што го негува ансамблот, како и со секојдневното напорно работење, тој успешно ја претставува македонската фолклорна традиција. Токму затоа Банско беше предизвик и мотив за освојување на првото место на овогодинешното издание на Меѓународниот фолклорен фестивал „Утрина ѕвезда“. Со својата креативна работа и претставувањето на изворниот фолклор каде беа презентирани сите убавини на македонската фолклорна ризница, на жирито и публиката не им беше тежок изборот и решија првото место да го доделат токму на најдобрите, а тоа е ансамблот на МКУД „Цветан Димов“ од Општина Карпош.

Жирито, кое беше составено од еминентни етно кореографи и етнолози од Република Бугарија, едногласно ја донесоа одлуката за победникот и најдобриот ансамбал за оваа година.

Победничкиот тим, фолклористи од девет до 13 годишна возраст, се натпреваруваа со уште 40 ансамбли од Бугарија и седум од други држави како што се: Турција, Азарбеџан, Унгарија, Украина. Освојувачките походи на МКУД „Цветан Димов“ не запираат тука. Најавени се уште многу настапи каде од младите фолклористи се очекува да ја претстават Општина Карпош во најдобро натпреварувачко светло.


INTERNATIONAL FESTIVAL OF ARTS " MORNING
Art festival
Morning star